Врз основа на член 20 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, а во врска со член 24 став 5 од Статутот, разгледувајќи го предлогот на претседателот на Стопанската комора на Македонија по направените консултации со облиците на организирање и работење во рамките на Комората, заради заокружување на вкупниот број на членови на Управниот одбор на Комората, кој согласно Статутот брои вкупно 35 члена, а до сега се избрани вкупно 33 члена, , Собранието на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 15.12.2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

за избор на двајца членови на Управниот одбор
на Стопанската комора на Македонија

**Член 1**

За членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија се избираат:

- Г-дин Костадин Барзов, генерален директор на БАРГАЛА АД Штип;
- Г-дин Борис Хрисафов, главен извршен директор на Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраните членови трае до истекот на мандатот на членовите на Управниот одбор од постојниот состав, избрани со Одлуката на Собранието за избор на членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, бр. 07-526/4 од 10.03.2010 година.

**Член 3**

Оваа Одлука се објавува на огласна табла во Комората во рок од три дена од нејзиното донесување и влегува во сила од денот на нејзиното објавување.

Бр. 07-3479/5
15.12.2011 год.
С к о п ј е

Претседавач,
Антони Пешев

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија согласно Статутот на Комората  има претседател и 34 членови (вкупно 35 членови). Со оглед дека до сега се избрани 32 членови (со претседателот вкупно 33 членови), потребно е да се изберат уште двајца членови.

Согласно член 24 став 5 од Статутот, членовите на Управниот одбор се избираат од редот на членовите на Комората, по предлог на претседателот на Комората, врз основа на доставени предлози за членови на Управниот одбор од облиците на организирање и работење во рамки на Комората.

По направените консултации со облиците за организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија, а при тоа имајќи ја во предвид позицијата на овој орган во системот, неговата репрезентативност, стручност и квалификуваност за претставување на интересите на членките пред надлежните државни органи и институции, што како критериум беше поставуван и претходно, при изборот на другите членови во Управниот одбор на Комората и изборот на членовите во другите органи на Комората, поради што за заокружување на составот на Управниот одбор на Комората се предлагаат наведените кандидати.